РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 05-1101/1
20.11 2019 год.
РАНКОВЦЕ

ИЗВЕШТАЈ

За искористување на доделените средства како финасиска поддршка за исплата на досепани ,а неплатени обврски по доверители

На 15 ноември 2018 година во Службен весник на РМ бр.209, беше објавен Законот за финансиска поддршка на единиците на покална самоуправа и единки корисниците основани од единиците на Локална самоуправа за финансирање на доспеани а неплатени обврски.Согласно член 2 од Овој Закон ,Финасиската поддршка се однесува на финасирање на пријавените доспеани,а неплатените обврски на општините и единките коринсици во Електронскиот систем за пријавување на обврски заклучно со месец септември 2018 година.Заклучно со овој месец Општина Ранковце имаше пријавено доспеани а ненемирени обрски во износ од 12.212.417.00 а единките корисници 5.004,00 или вкупно 12.217.421,00 денари.

Согласно 4 од горенаведениот Закон , како финасисика поддршка за финасирање на доспеани а неплатени обврски обезбедени се средства во висина од 51% од вкупниот пријавен износ на општините и единките корсници или за Општина Ранковце средства во износ од 6.230.885,00 денари.Овие средства во декември 2018 година беа префрлени на посебна наменска сметка на Општина Ранковце ,отворена за таа цел.

Согласно член 8 од став 1 од Законот на 11.12.2018 Градоначалникот на Општина Ранковце во два весници , објави јавен повик 08-1093/1 со кој се повикуваат доверителите на Општина Ранковце да ги пријават доспеаните ,а неплатени побарувања.На јавниот повик се пријавија 27 доверители од кои еден од доверителите „ДПЗ Превентива ''Куманово не беше внесена во системот за електронски систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО) па така пријавени останаа 26 доверители со вкупна обврска на Општина Ранковце спрема нив во износ од 7.836.431,00.

Износот кој што беше одобрен за единките корисници во мегувреме до донесувањео на законот и Објавувањето во Службен весник е измирен и истите се прераспределени согласно член 11 став 1 каде што стои доколку единката корисник може самостојно да ги финасира пријавените а неплатени обврски средствата може да се користат за финасирање на доспеани а неплатени обврски на Општината, па така вкупниот износ со кој Градоначалникот треба да пристапи кон преговори со сите доверители изнесуваше 6.230.885,00 денари.

Согласно чле 8 став 2 од Законот ,Градоначалникот пристапи кон преговори со сите доверители кои се пријавија на јавниот повик 08-1093/1 од 10.11.2018 кој беше објавен во дневниот весник Нова Македонија за спогодбено утврднување на износот и обврските и уредно ја достави потребната документација со секој поединечно од доверителите се преговараше и се подпишаа записниците.

Сите доверители Се откажаа од камата за обврските што беа доспеани а неплатени обврски до 30.09.2018 а со кои се подпишаа Записник за споведено преговарање за спогодбено утврднување на износ на обврските освен :

- Доверителот АД Македонска Пошта (се преговараше повеке од месец време и повеќе пати требаше да се подпише без пресметка на затезна камата, но имајки предвид што постоеја повеќе процедури во самото претпријатие што требаше да се поминат за одпис на камата , со цел да не пропаднат парите,подпишавме записник без откажување на камата и дел од главнина на долгот што го имавме кон АД Македонска Пошта

- Доверителот ЈКП Чист Ден Ранковце(кој затезна камата треба да ја одпише со одлука на Управен Одбор по плакањето на износот)

- Доверителот ЕВН Македонија (која се откажува по претходна пресметана камата од 321.750,00 за фактури што веќе се платени но не и за фактурите кои беа предмет на преговори,)

Од друга страна доверителите Елпи Дооел С.Турново и Македонски Бизнис Системи ДОО се откажаа од затезната камата и од плаќање на адвокатските и нотарските трошоци произлезени од налогот за извршување.

Доверителот Геинг Кребс унд Кифер Интернешнл и др ДОО се откажа од камата но не и од плаќање на адвокатските и нотарските трошоци произлезени од налогот за извршување

По завршувањето на процесот на преговарање а во согласност со членот 8 став 4 од Законот за финасиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единките корисници основани од единиците на локална самоуправа за финасирање на доспеани а неплатени обврски , Градоначалникот на Општина Ранковце изготви Извештај за вкупниот Договорен износ по доверители за финасирање на доспеани , а неплатени обврски и го достави до Советот на Општина Ранковце.

На седницата одржана на 18.04.2019 година Советот на Општина Ранковце донесе Одлуката за усвојување на извештајот на вкупните договорению износи по доверители за финасирање на доспеани а неплатению обврски со бр.09-398/8 и Истиот Извештај и донесена Одлука се објавени на веб страна на општината.

Во Одлуката за усвојување на извештајот на вкупниот договорению износи по доверители за финасирање на доспеани а неплатени обврски со бр.09-398/8 направена е техничка грешка поради што на 21 Седница на Советот на Општина Ранковце со бр09-520/26 од 29.05.2019 година се даде Исправката на одлуката и Во одлуката за усвојување на вкупните договорению износи по доверители за финасирање на доспеани а неплатению обврски , во членот 1 под реден број 26.АД Македонска Пошта наместо износот,,69.350.491.00 '' треба да стои износот ,,69.635,00 денари '' како што и стои во Извештај за вкупниот Договорен износ по доверители за финасирање на доспеани , а неплатени обврски .

Исто така во преговорите со РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ наместо 69.160,000 денари колку што се пријавени во ЕСПЕО системот до 30.09.2019 направена е техничка грешка со 69.300,00 денари и тоа во:

- записникот од преговорите со РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ ,

- Извештајот за вкупниот Договорен износ по доверители за финасирање на доспеани , а неплатени обврски

- Одлуката за усвојување на извештајот на вкупните договоренио износи по доверители за финасирање на доспеани а неплатенио обврски

Меѓутоа при изготвување на налог за пуштање на парите од А3 Програма увидена е грешката и на 13.05 .2019 на РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ се исплатени 69.160,00 денари а тоа е износот што е пријавен во ЕСПЕО системот ,така на 13.05.2019 година се пуштени вкупно 6.230,745,00 денари од предвидените 6.230.885,00 денари.

Износот од 140,00 денари кој што беше резултат на техничка грешка беше вратен во Буџетот на РМ.

Благодарние на овие средства и одговорното работење во тековниот период Општина Ранковце го намали значително долгот а со самото и можност за нормално функционирање на самата општина.

Во прилог

- Јавен повик.
- Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани а неплатени обврски,
- Одлука за усвојување на вкупните договорени износ по доверители за финасирање на доспеани а неплатени обврски.
- Исправка на Одлуката за усвојување на вкупните договорени износ по доверители за финасирање на доспеани а неплатени обврски.
- Извод од 13.05.2019 година и исплаќањето на 6.230.745,00 денари
- Извод од вратените преостаните 140,00 денари на буџетска сметка.

Со почит ,

Изготвил :Даниел Крстевски

Контролирал:Биљана Николовска

Градоначалник на Општина Ранковце
Ивица Тошевски